НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
МИТРОПОЛИТ Т. ГОЛОГАНОВ БР.28
1000 СКОПЈЕ. П.ФАХ 472
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ТЕЛ: (+389 2) 3136-172, 3132-214
ФАКС: (+389 2) 3136-172, 3132-214 лок. 113 и 115
ЕЛ. ПОШТА: nibm@nibm.com.mk...
www.nibm.com.mk

Согласно член 38 и 39 од Статутот на Националното биро за осигурување,Законот за задолжително осигурување,Законот за трговски друштва,Законот за работни односи и Одлуката на Управниот одбор од 25.02.2025 година се распишува:

# П О В И К
## за поднесување на кандидатури за избор на директор на Националното биро за осигурување

1.Управниот одбор на Националното биро за осигурување со Одлука број 0201-318/25 од 25.02.2025 година отпочна постапка за избор на директор на НБО. Во наведената Одлука Управниот одбор на НБО формира Комисија која утврдува посебни услови за спроведување постапка за евалуирање на кандидатите и доставување на предлог на кандидати за избор од страна на Управниот одбор на НБО.

2.Лицата кои ќе поднесат кандидатура за директор на Националното биро за осигурување треба да ги исполнува оштите услови со Законот и тоа:

- да е државјанин на Р.С.Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има оштa здравствена способност
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана за вршење на професија,дејност или должност.

3.Лицата кои ќе поднесат кандидатура за директор на Националното биро за осигурување покрај општите услови предвидени со Закон,потребно е да ги исполни и следниве услови:

- висока стручна спрема
- активно знаење странски јазик(на англиски или француски јазик),
- најмалку 5 години работа на раководно место во друштвата за осигурување или 8 години на раководно место во институции од областа на осигурувањето.(Национално биро за осигурување,Агенција за супервизија на осигурувањето,Брокерско друштво и друштво за застапување)
- Пријава со кратка биографија за движење во кариерата
- Програма за работа на Националното биро за осигурување за 4(четири) годишен период и
- Препорака од една осигурителна компанија од дејноста неживотно осигурување.

4.Рокот за поднесување на потребната документација изнесува 15 дена од денот на објавувањето на огласот на Веб страната на Националното биро за осигурување.

5.Ненавремена,некомплетна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување.Пријавите со бараната документација за огласот се доставуваат во архивата на Националното биро за осигурување во затворен плик со назнака до Комисијата за избор на директор на Националното биро за осигурување или со препорачана пратка по пошта на адреса на Националното биро за осигурување ул.Митрополит Т.Гологанов бр.28 Скопје.

Национално биро за осигурување,
Комисијата за избор на директор на НБО
Претседател,